
ОПШТИНА
ГОСТИВАР
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА ГОСТИВАР



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски

# ОБРАЌАЊЕ НА НОСИТЕЛОТ НА СОВЕТНИЧКАТА ЛИСТА НА ВМРО-ДПМНЕ

Почитувани сограѓани,

Да се биде носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија“ во мојот град за мене претставува голема чест и одговорност, а воедно и обврска. Она што можам да го ветам пред сите вас е дека оваа доверба која ми е дадена чесно, одговорно и професионално ќе ја оправдам.

Како носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ можам да кажам дека советничката листа е составена од луѓе со голема енергија, идеа, искуство, луѓе кои ќе донесат нова свежина, скромност, човечност и решенија кои ќе придонесат за напредок на гостиварчани. Настапите на советниците на ВМРО-ДПМНЕ секогаш ќе имаат за цел аргументирано да го поддржат интересот на граѓаните, да бидат на страната на законот и да вперат прст во изворот на криминал или други облици на незаконски дејствувања. Главна водилка за мене како носител на советничката листа на ВМРО-ДПМНЕ ќе биде креирање и реализација на квалитетна локална политика и програма, бидејќи тоа им го должиме на гостиварчани, да им служиме и да ги браниме нивните интереси. Како носител на листа максимално ќе се залагам во програмата за реализација на буџетот на Општина Гостивар, соодветно место да заземат проектите утврдени како приоритетни во програмските цели на ВМРО-ДПМНЕ.

Како советничка група знаеме во какво својство и на кој начин влегуваме во Советот. Знаеме како и чии интереси треба да застапуваме и браниме таму. Неоптоварени со ниту една дамка од перспектива на професионалност, чесност и посветеност, со верба во своите можности застануваме пред гласачите и од нив ја бараме нивната доверба. Воедно јавно ветувам дека со мене ќе имате пријател во локалната власт, ќе бидам отворен за сите ваши барања и ќе помагам на сите кои имаат потреба и кои ќе ми се обратат.

За на крај сакам да истакнам дека овие локални избори нема да бидат само обични избори. Тоа ќе бидат избори во кои ќе треба да се одлучи помеѓу квалитетот, чесноста, стручноста, професионалноста од една страна наспроти безидејноста, нефункционалноста и неработењето во интерес на граѓаните и Општината. Затоа Ве повикувам сите, без разлика на вашата национална и етничка припад-

ност, безрезервно да дадете поддршка на предложените кандидати за советници од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Обнова на Македонија“.

Да живее Гостивар!
Да живее ВМРО – ДПМНЕ!
Да живее Република Македонија!

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Мартин Андоновски – носител на листа
2. Владимир Нанчески
3. Даниела Трпеска
4. Бранко Јончевски
5. Катерина Божиновска
6. Ерџан Рушани
7. Зоран, Манески
8. Ивица Јованоски
9. Марина Кузманоска Димитријеска
10. Катерина Ристовска
11. Елизабета Столеска
12. Предраг Илиески
13. Горан Павлоски
14. Верица Давидоска
15. Елеонора Томоска Спасеноска
16. Силе Божиноски
17. Ефимија Групчева
18. Билјана Исакоска
19. Стојан Срезоски
20. Мартин Мојсоски
21. Кристина Трифуноска
22. Љупчо Наумовски
23. Александар Тодороски



# 1. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Капиталните проекти, кои во голем дел ги подразбираат и суштинските проблеми и потреби на жителите на Општина Гостивар, во најголем приоритет се однесуваат на комуналните потреби и проекти од инфрастуктурата и социјалните потреби. Како резултат на барањата и потребите на граѓаните, ќе се реализира низа од проекти од комуналната инфраструктура што треба значително да го подобрат нивото на квалитет на животот на граѓаните на Општина Гостивар (локални патишта, улици, фекални канализации, мостови, велосипедски патеки, паркиралишта, потпорни ѕидови и друго). Имајќи го предвид нивното значење во подобрувањето на животните услови на граѓаните, нашите заложби ќе бидат од првиот ден во новиот мандат да се започне со реализација на истите.

### ➤ ПРОЕКТ ОД ГОСТИВАРЧАНИ ЗА ГОСТИВАРЧАНИ

- Пред донесување на буџетот на Општина Гостивар како советничка група на ВМРО-ДПМНЕ ќе организираме средби со граѓани каде што секој заинтересиран граѓанин ќе може да предложи проект/идеја, со што истиот ќе се разгледува од страна на стручна партиска комисија и потоа ќе се предложи како капитален проект во рамки на буџетот на Општина Гостивар.

## 1.1. ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

### ➤ Целосна реконструкција на водоводната мрежа во Општина Гостивар, решавање на проблемот со притисокот и квалитетот на водата за пиење во градот и во сите населени места преку доизградба на водоводната мрежа онаму каде не е завршена со претходните проекти.

- Изградба на канализациона мрежа во нас. Циглана и нас. Фазанерија.
- Изградба на водоводната мрежа во нас. Циглана и нас. Фазанерија;
- Изградба на канализациона мрежа во дел од с. Бањица;
- Реконструкција на водоснабдителната мрежа во с. Вруток;
- Изградба на канализациона мрежа во с. Вруток;
- Реконструкција на водоснабдителната мрежа во с. Здуње;
- Изградба на канализациона мрежа во с. Здуње;
- Изградба на канализациона мрежа во с. Тумчевиште.

## 1.2. ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА (СПОРТСКИ САЛИ, СПОРТСКИ ТЕРЕНИ, ТРИМ-ПАТЕКИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ)

Покрај овие проекти посочени како капитални и приоритетни, ќе бидат реализирани и бројни други проекти што се од стратешко значење во сите сфери на живеењето, но исто така ќе бидат предвидени бројни мерки и олеснувања преку кои Општината директно ќе влијае на развојот на одредени дејности и на подобрување на животните услови на граѓаните на Општина Гостивар. Како на пример, тоа што е приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се ниски и рамни даноци, па ние се залагаме општините да не ги зголемуваат даноците, со што граѓаните ќе имаат директни бенефити од ваквите даночни политик. Ние посветено ќе работиме на јакнење на фискалните капацитети на општините за поефикасна наплата на локалните даноци и такси и рамномерно инвестирање во капитални инфраструктурни проекти.

## 1.3. ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ЦЕЛ И СРЕДСТВО ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Реализација на низа проекти што ќе претставуваат дел од континуираната и системска грижа за подобрување на развојот на образованието и знаењето: санација на постојните и изградба на нови спортски игралишта во подрачните, централните и средното училиште, спроведување мерки за организирано одржување на зградите на затворените подрачни училишта и нивна функционална пренамена, поттикнување, поддршка и развивање на локален систем на работа со надарени и талентирани ученици во основното и средното образование,  формирање посебен општински тим за идентификација на надарените и талентираните ученици



# 2. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## 2.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

Обезбедување на институционална и финансиска поддршка од страна на Општината и преку општинскиот Буџет за реализација на капитални инвестициски проекти, унапредување, поттикнување и иницирање на партнерства со домашни и меѓународни развојни агенции, поттикнување, поддршка и спроведување на идеи и иницијативи за развој на домашниот бизнис со дијаспората, детектирање и детерминирање на можните сфери на интерес за проширување на постоечките бизниси и можните сфери на интерес со иселеници од дијаспората, отстапување на подолгорочно користење под поволни услови на постоечки капацитети во сопственост на Општината на потенцијални инвеститори со цел стимулирање на вработувањето и економскиот раст на Општината, спроведување законски мерки и активности и понагласено промовирање и афирмирање на поволностите во воспоставувањето на јавно – приватното партнерство, поддршка на иновации и претприемништвото (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар), подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП, изработка на нова локална стратегија за промоција на домашни и странски инвестиции, поддршка на занаечиството и малите локални бизниси, креирање на нова стратегија за одржлив локален економски развој и соработката со бизнис-заедницата и граѓанските здруженија и нивно вклучување во процесите на Локалниот економски развој на Општина Гостивар. Исто така советниците на ВМРО-ДПМНЕ како приоритет во наредниот мандат ќе биде имплементација на:

### „ЈАВНОТО-ПРИВАТНОТО ПАРТНЕРСТВО – КАКО НАЈДОБАР ИНСТРУМЕНТ ЗА СОВРЕМЕНА И МОДЕРНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ОПШТИНА ГОСТИВАР“

- ќе се спроведуваат законски мерки и активности и понагласено ќе се промовираат и афирмираат поволностите во воспоставувањето на јавно-приватното партнерство со цел подобрување на квалитетот и задоволување на јавните потреби на гостиварчани.

## ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО ПРЕКУ СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

- Иновациите се од особена важност за секој бизнис, па затоа преку соодветна програма за поддршка на иновациите на локално ниво ќе се доделуваат субвенции за да се помогне нивната реализација и со тоа директно ќе се стимулира бизнис-секторот кон прогресивен пристап за негов натамошен раст што би придонело кон поголем број на вработувања, зголемена продуктивност, повисоки плати итн.

## Пешачка и велосипедска патека од Гостивар до с. Вруток.

## Спортско игралиште и детско катче во центарот на с. Тумчевиште.

## Уредување на детско катче на ул. Мара Угринова веднаш до Мермери зградите.

## Ново детско катче во нас. Дутлок во паркот.


Lorem ipsum dolor sit amet

# 3. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY (ПАМЕТЕН ГРАД)

- Општина Гостивар во следниот период ќе направи одлучни чекори во насока да се сообрази со новото време, новите технологии и нивната примена во подобрување на животот на граѓаните, но и во однос на услугите кои ги пружа самата општина. Во таа насока интензивно ќе се работи на дигиталната инфраструктура, на проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен Wifi, проширување на оптичката мрежа, како предуслов за идните чекори во насока на дигитализација во сите сфери од јавниот простор и јавните услуги кои Општината треба да им ги пружа на граѓаните.
- ПАМЕТЕН ГРАД (SMART CITY) претставува технолошки модерна урбана област (градска зона) која користи различни видови софистицирани електронски методи, методи за активирање глас и сензори, кои собираат специфични податоци со помош на современи електронски енергетски ефикасни уреди оптимално инсталирани на соодветни однапред испланирани локации.
- Информациите кои се добиваат од тие податоци се користат за ефикасно планирање и управување со средствата, ресурсите и услугите за потребите на граѓаните. Тие податоци се користат за подобрување на операциите и услугите низ градот во разните области од урбаното живеење. Ова вклучува податоци собрани од граѓани, уреди, згради и средства кои потоа се обработуваат и анализираат, а помагаат за следење и управување со сообраќајните и транспортните системи, електрани, комунални услуги, водоводни мрежи, отпади, откривање криминал и спречување злоупотреби во институциите, вградување информациски системи во училишта, библиотеките, болниците и други услуги во заедницата.
- Концептот за паметен град ги интегрира информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) и разни физички електронски уреди поврзани со интернет мрежа за да ја оптимизира ефикасноста на градските операции и услуги, а преку тоа да се поврзе со граѓаните.
- Паметната технологија им овозможува на градските службеници да комуницираат директно и со заедницата и со градската инфраструктура, како и да следат што се случува во градот и како градот се развива. Со други зборови, ИКТ се користи за подобрување на квалитетот, перформансите и интерактивноста на урбаните услуги, за намалување на трошоците и потрошувачката на ресурси и за зголемување на контактот помеѓу граѓаните и владата. Тоа опфаќа и креирање на апликации за паметни градови, кои се развиени за управување со урбаните текови и овозможување одговори во реално време. Затоа, интегрирањето на овој систем ќе одговори поуспешно, понавремено  побрзо на предизвиците потребни за решавање на потребите на со своите граѓани.

- Овој современ и сложен паметен систем бара сериозен пристап во неговото планирање и  имплементација, за која е потребно вклучување на стручен технички кадар, ресурси од  ИКТ технологија, како и стручни лица, за следење и менаџирање со тој систем, како и навремно анализирање и давање предлози за оптимално и брзо решавање на проблемите и потребите на граѓаните во сите сфери од секојдневното живеење.
- Ние како Општина во наредниот период од неколку години ќе формираме одделение за планирање и обезбедување средства, ресурси и инфраструктура за имплементирање на ваков паметен систем (Smart city) како и обучување на тим кој успешно и навремено ќе ја подготви базата на влезни податоци и информации за негово планирање, креирање и успешно управување со истиот. Нашата крајна цел е во иднина Општина Гостивар да понуди дигитални услуги и да стане дигитална општина, со што сите барања и услуги од граѓаните ќе бидат брзо примени, обработени и испорачани.



# 4. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## 4.1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

- Имајќи ја местоположбата на градот и населенините места во неа, Општина Гостивар ќе инвестира во неколку клучни сегменти од својот развој, пред сè, тоа ќе бидат инвестиции во регионалната и локалната поврзаност, преку инвестиции во патната ифраструктура, како предуслов во натамошниот развој во сите дејности.

## 4.2. ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

- Капитални и стратешки проекти за локално поврзување кои треба да се подготват и започнат, или барем да се изготви проектна документација и други подготвителни активности, имајќи го предвид стратешкото значење на проектите. Исто така ќе се посвети внимание на исцртување хоризонтална сообраќајна сигнализација и поставување вертикална и светлосна сообраќајна сигнализација на улиците во Општина Гостивар.

## 4.3. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

- Изградба на нов локален пат од населба Фазанерија до Манастирот Св. Преображение Христово во населба Циглана.
- Изградба на нов локален пат од населба Дутлок до ресторан Империјал.

## 4.4. РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕСТРАВРАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ:

- Реконструкција на целокупната патна мрежа во нас. Циглана и нас. Фазанерија во текот на мандатот 2025 – 2029;
- Реконструкција на улици во населба Малеарди;
- Реконструкција на улици во населба Млаки;
- Реконстукција на улица Ади Гаши во населба Дутлок;

- Реконструкција на локален пат од с. Тумчевиште до клучка до автопат Гостивар – Тетово;
- Реконструкција на улица Бањешница;
- Рехабилитација на локални улици во с. Беловиште;
- Рехабилитација на локални улици во с. Здуње;
- Рехабилитација на локални улици во с. Вруток;
- Реконструкција на улица Железничка во нас. Питарница;
- Реконструкција на улица Боге Величаноски во Питарница;
- Реконструкција на улица Питарница 5 во нас. Питарница;
- Реконструкција на улица Браќа Ѓиноски (паралено од каналот);
- Реконструкција на улица 212 (позади КАМ маркет) во Малеарди;
- Реконструкција на споредни улици во нас. Млаки.

## 4.5. РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА МОСТОВИ

- Реконструкција на стариот главен мост на реката Вардар во населба Дутлок;
- Реконструкција на сите мостови долж реката Вардар.

## 4.6. ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

- Ќе биде изготвен проект за поддршка на локалната самоуправа за изградба на велосипедски патеки, пешачки зони, во рамките на кој ќе бидат изградени велосипеднски патеки низ градот и до околните населени места, ќе биде предвиден проект Rent-a-bike (изнајмување на велосипед), како и субвенционирање на купувањето и користењето на велосипеди.

## 4.7. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

- Еден од клучните проблеми со кои се соочува Општина Гостивар е проблемот со бесправнто паркирање и урбанистичко планирање. Оттука решавањето на овие проблеми директно влијаат на целокупниот развој на Општината, на стопанството и на севкупниот живот на граѓаните, со оглед на тоа дека ги засегаат и животните услови, еколошките и другите апекти важни за едно современо урбано живеење. Затоа е потребно да се донесе нов концепт за урбанизација и домување, кој ќе ги опфати овие аспекти и ќе изнајде решение за истите, но и ќе го заврта идниот развој на градот.



# 5. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## 5.1. МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

Општина Гостивар во претстојниот период треба да посвети особено внимание и грижа за подобрување на условите за реализација на наставата во училиштата. Потребни се значителни инвестиции во ифраструктурата, како би се обездиле современи услови за реализација на модерен наставен процес. Проекти и мерки планирани за реализација во насока на модерно и современо образование:

- **ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА СПОРТСКА САЛА ВО СОСТАВ НА ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.**
- **ПОТИКНУВАЊЕ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТА ПРЕКУ ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ.**
- **ОПРЕМУВАЊЕТО СО НАЈМОДЕРНА ИТ-ОПРЕМА НА СИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНАТА.**
- **ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА НОВО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СОСТАВ НА СРЕДНОТО ЕКОНОМСКО УЧИЛИШТЕ ГОСТИВАР И ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ГОСТИВАР.**
- **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ – СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА**
- **ОПРЕМУВАЊЕ НА КАБИНЕТИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ПО ОДРЕДЕНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОДОБРА И ПОКВАЛИТЕТНА НАСТАВА.**

- **ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДУВА НАЈДОБРИТЕ – ИЗБОР НА НАЈДОБАР УЧЕНИК „ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА“ ВО СИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, ИЗБОР НА НАЈДОБАР ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК ВО ОПШТИНАТА**
- **ОПРЕМУВАЊЕ НА ИНТЕРАКТИВНИ КАТЧИЊА ВО СЕКОЕ УЧИЛИШТЕ.**
- **РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО ЕКОНОМСКОТО УЧИЛИШТЕ И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО МЕДИЦИНСКОТО УЧИЛИШТЕ.**
- **Инвестиции во наставниот кадар**

- Општината ќе работи на усовршување на наставниот кадар во училиштата, преку континуирани обуки во рамките на проектите организирани од надлежните институции во државата, но ќе обезеди помиш и ќе ги поттикне самите училишта, преку учество во меѓународни проекти и размена на искуства, твининг проекти и сл. во наставата да бидат воведени нови наставни пракси и искуства од европските земји. За таа цел Општината ќе помогне со сите расположливи средства и начини, како би се овозможило училиштата и наставниот кадар да можат да бидат вклучени во истите.

# 6. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел воспоставување на европски практики и имплементирање на европски вредности (јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на ЕУ локални информативни центри) како и воспоставување и интензивирање на соработката со општини од ЕУ, во рамките на Општина Гостивар ќе биде формиран ново одделение за соработка со ЕУ. Задачата на ова одделение ќе биде примена на европските практики и усогласување во одделните области во надлежности од тоа самата Општина Гостивар да аплицира за ЕУ проекти, до тоа да има консултативна (советодавна) улога на ЕУ проекти на други субјекти кои ќе се реализираат на теротиријата на Општината, до тоа да понуди логистика или да ја овозможи реализацијата, согласно законските надлежности и можностите. Ваквиот одделение ќе ги зголеми капацитетите и можностите на Општина Гостивар преку пристап до ЕУ фондовите да реализира најразновидни проекти и значително да придонесе за севкупниот развој на Општината, значителни придобивки кои ќе значат директно подобрување на животот на граѓаните.



# 7. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 7.1. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина во гостиварски регион ќе биде еден од врвните приоритети на новата локална власт. Затоа нашите заложби ќе бидат изградба на институционалните капацитети на Општината за справување со сите предизвици и проблеми кои ги носи современиот контекст на функционирање на општините, постигнување што поголема ефикасност и ефективност во решавањето на истите, како и на потребите на граѓаните, поголема координација со другите власти, имплементација на законските обврски, но и на добрите светски пракси. Со формирањето на посебно одделение за животна средина ќе се обезбеди таа координација и ефикасност во решавањето на проблемите поврзани со животната средина. Преку ова ново одделение ќе се реализираат нашите заложби за воведување и имплементација концептот на зелена и чиста општина (зелена архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку современо управување со отпадот и материјалите, целосен третман на отпадните води). Ќе се обезбеди поголема ефикасност во делот на планирањето, проектното управување, но и во делот на надзорот, како суштински елемент на заштитата. Проекти и мерки планирани за реализација во насока на заштита на животната средина:

- **ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗДГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ.**
- **РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ.**
- **РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ВО ГОСТИВАР ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ.**
- **ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ГОСТИВАР.**
- **УРЕДУВАЊЕ НА СИТЕ ПАРКОВИ ВО ОПШТИНА ГОСТИВАР – НОВА УРБАНА ОПРЕМА, САНАЦИЈА НА ПОСТАМЕНТ, ХОРТИКУЛТУРА, ИЛУМИНАЦИЈА НА СПОМЕНИК.**

- **ПОДИГНУВАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГОСТИВАР – ПАРК ВО СЕКОЕ МААЛО.**
- **ЦЕЛОСНО ЗАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОТ ОКОЛУ ДЕПОНИЈАТА РУСИНО.**
- **РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ДЕПОНИЈАТА НА СТОЧНИОТ ПАЗАР ВО НАС. ФАЗАНЕРИЈА.**
- **ЗАСАДУВАЊЕ НА НОВИ РАСТЕНИЈА СÈ СО ЦЕЛ ДОПОЛНИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА НА ЗАГАДУВАЧКИ МАТЕРИИ (ФИТОРЕМЕДИЈАЦИЈА).**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАЦИОНАРОТ ЗА КУЧИЊА ВО СТАРИТЕ КАСАРНИ.**
- **„ПАРК ЗА КУЧИЊА“ ЛОЦИРАН ПОСЛЕ ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО НАС. ДУТЛОК.**

## 7.2. ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- **Реконструкција на фасади со енергетска ефикасност, реконструкција на поткровјата, замена и поставуање на нови ПВЦ надворешни прозори и врати, смарт системи за ефикасно користење на заедничката електрична енергија, енергија итн, а приотоа Општина Гостивар да одобри фонд преку кој ќе учествува или субвенционира 20 % од секој зафат.**

- Проекти и мерки планирани за реализација во насока на енергетската ефиканост се:

- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ФАСАДИ НА КОЛЕКТИВНИТЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И ДОМАЌИНСТВА.**

# 8. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Општината ќе предвиди и поддршка на проектите за промоција на туризмот, презентација на Гостивар на саеми како дестинација, презентација на културните, природните, спортските и гастрономските аспекти. Општина Гостивар во насока на промоција и поддршка на локалниот туризам, адекватна презентација на туристичката понуда, ќе воведе општински туристички бироа, а ќе биде и креирана електронска апликација со културните, историските и другите знаменитости на Општина Гостивар, која на повеќе светски јазици ќе нуди информации за туристите. Промоција на најзначајните туристички локации како што се Вруток, пештерата во Ѓоновица, калињата во Ѓоновица и Равен, откриените темели на црква во с. Равен од XV век.



# 9. СПОРТ И КУЛТУРА

## 9.1. СПОРТ

Спортот во Општина Гостивар има едно посебно социолошко и културолошко значење за сите нејзини граѓани. Речиси и да не постои човек што барем еднаш не шутнал фудбалска топка во некој од бројните фудбалски клубови во Општината, не бил дел од кошаркарскиот клуб или пак не заиграл ракомет. Таа спортска пасија на гостиварчани започнува многу одамна и резултирала со бројни успешни спортисти во многу спортови, успешни клубови со забележителни спортски успеси, што овозможува со прави заслужено да го носи епитетот „спортски град". Неколкуте клуба кои во разни колективни спорови се натпреваруваат во најквалитетните македонски лиги, мноштвото на репрепрезентативни спортисти кои произлегуваат од гостиварските спортски школи сè повеќе од доволен показател дека Гостивар поседува огромен спортски потенцијал и исклучителна спортска пасија која гостиварчани ја негуваат долги години и ја предаваат на новите генерации.

Покрај тоа, спортските клубови се преполни со пионери и младинци, што е доволен показател дека иднината на гостиварскиот спорт е обезбедена, а спортските резултати извесни. Единствено спортската инфраструктура останува единствениот дефаворизирачки фактор во целиот тој мозаик. И после толку  достигнувања, ветувања и заложби клубовите се во постојан недостиг на соодветна инфраструктура и опрема како основен услов за тренинг и натпреварувања: спортски сали, игралишта, трибини за публика, базен, трим патеки, велосипедски патеки и ред други неопходности се единствените пречки на патот кон освојување на спортски резултати од највисок ранг.

Затоа нашиот фокус ќе биде, во рамките на надлежностите и можностите на локалната власт, да се направат значителни подобрувања во делот на спортската инфраструктура и подобрување на условите за спортување на младите (реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови). Ќе се направат напори во секое населено место да има барем некаква спортска инфраструктура за да се овозможи спортување од најрана возраст.

Покрај ова, ќе се работи на поддршката на сите спортски клубови, ќе бидат поддржани сите други спортски настани, иницијативи за натпреварувања и активности, со цел на што поголема вклученост на жителите на Општина Гостивар во спортските активности.

Проекти и мерки планирани за реализација во насока поголем развој на спортот се:

- **ИЗГРАДБА НА НЕКОЛКУ КОШАРКАРСКИ ИГРАЛИШТА (STREET BASKET) ВО ГРАДОТ И НИВНО НОЌНО ОСВЕТЛУВАЊЕ КАКО И НИВНО ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ.**
- **РАМНОМЕРНА РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА НА СИТЕ ЛОКАЛНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И НИВНА ПОДДРШКА И ДРУГО.**

## 9.2. ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА

Програмата ќе биде осмислен систематски начин на поддршка на живата култура, на културните проекти и творците, на манифестациите, друштвата и сите партиципиенти во културата. Таа треба да овозможи праведна распределба на средствата за поддршка преку годишни конкурси и други начини, преку што ќе се обезбеди стратешки планиран развој на културата во секој аспект, од творците, институциите и сите креатори на културни производи, до развој на публиката и достапност до културата на што поголем дел од населението и различите интересни групи. Во рамките на програмата, врз основа на естетски мерила и критериуми, категоризација и значење, ќе бидат поддржани проекти од културата значајни за културниот живот во Општина Гостивар, но и од пошироко регионално, национално и интернационално значење.

Меѓу позначајните проекти, иницијативи и мерки кои ќе бидат помогнати се:

- **МЕРКИ И ПРОЕКТИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО БОГАТСТВО, МАТЕРИЈАЛНО И ДУХОВНО НАСЛЕДСТВО НА РЕГИОНОТ.**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ КУЛТУРНИ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА.**
- **ПОДДРШКА НА ФОЛКЛОРНИТЕ И ДРУГИТЕ КУЛТУРНИ ДРУШТВА, АНСАМБЛИ И ДРУГИ ПРОЕКТИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ФОЛКЛОРНАТА ТРАДИЦИЈА.**
- **РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА АЛЕАТА НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ ВО ГРАДСКИОТ ПАРК.**
- **ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА РАЃАЊЕТО НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ ПАНЧЕ ПОПОСКИ, ЗЛАТЕ МАЛАКОСКИ, ЧЕДЕ ФИЛИПОСКИ И ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА ПРИ ОПШТИНА ГОСТИВАР.**
- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГОСТИВАР 18 НОЕМВРИ.**



# 10. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## 10.1. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За најранливите групи на граѓани на Општина Гостивар ќе создадеме механизми за препознавање на нивните специфични проблеми и ќе обезбедиме социјални услуги кои ќе ја подобрат нивната социјална сигурност.

Нашите најважни предлози, во функција на остварување на споменатата цел, кои ќе ги реализираме во следниот период (дел и со помош на Владата на Република Македонија) ќе бидат следните:

- **Да се збогати мрежата на социјални установи во Општината.**
- **Да се анализираат потребите од отварање на центри за дневно згрижување на различни категории корисници.**
- **Изработка на индивидуални образовни програми за децата со посебни образовни потреби со поддршка од страна на стручен тим (дефектолог, социјален работник, психолог и педагог), во соработка со родители.**
- **Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица до сите јавни објекти.**
- **Вклучување на деца Роми и деца чии семејства се корисници на гарантирана минимална помош во јавните предучилишни установи (детски градинки).**
- **Уредување на Центар за прифаќање на жртви на семејно насилство, обезбедување на привремен простор (објект, кадар, опрема, финансии) во соработка со невладиниот сектор.**
- **Да се изнајде решение за децата на улица кои питачат, особено во летната сезона, бројот на питачи дојдени од другите градови е во постојан пораст и треба да се превземат мерки за негово решавање.**

- Да се реализират превентивни програми за спречување на семејно насилство, како и користењето на дрога.
- Превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми со девијантно однесување.

# 11. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- **Целосно решавање на проблемот со депонија Русино.**
- **Решавање на проблемот со кучињата скитници и отпадот низ градот.**
- **Прочистителна станица на изворите на водата за пиење во с. Вруток**
- **Поддршка на малите и средни претпријатија преку обезбедување на грантови за креирање на нови работни места со цел намалување на невработеноста и намалување на иселувањето.**
- **Зазеленување на сите јавни површини.**
- **Комплетна санација на коритото на реката Вардар и максимално зазеленување и одржување на зелените површини во градскиот парк.**

ВМРО-ДПМНЕ